**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ТОП ВЕСТИ:**

- Грандиозен настан во чест на големиот јубилеј 150 години Разловечко востание
- Реконструираниот Спомен-дом на Разловечкото востание ги отвори вратите за посетителите
- Прва работна средба на претседателите на советите од ИПР во Делчево
- Ѕвездичките блеснаа на сцената на првиот детски музички фестивал во Делчево

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 52 МАЈ 2026

## Грандиозен настан во чест на големиот јубилеј 150 години Разловечко востание




### Реконструираниот Спомен-дом на Разловечкото востание ги отвори вратите за посетителите



### Прва работна средба на претседателите на советите од ИПР во Делчево



### Ѕвездичките блеснаа на сцената на првиот детски музички фестивал во Делчево



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Советот ја одржа 10 Седница

На Седницата се расправаше и се донесоа акти за 16 точки предложени на Дневниот ред за Седницата.

Советниците дадоа согласност за прифаќање **на** донацијата дадена во добра и услуги од давателот на донацијата Трговско друштво за геодетски работи ГЕО КОМ ДООЕЛ, увоз– извоз Делчево. Донацијата се состои во изработка на 9 (девет) геодетски елаборати за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за потребите на Општина Делчево. За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Делчево, како прималел на донацијата и давателот на донацијата Трговско друштво за геодетски работи ГЕО КОМ ДООЕЛ, увоз– извоз Делчево.

На Седницата се донесе **Одлука за формирање Просторни сили за заштита и спасување** за подрачјето на Општина Делчево. Силите за заштите и спасување се формираат за дејствувањето на подрачјето на општина Делчево заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни и други непогоди. Просторните сили за заштита и спасување за подрачјето на Општина Делчево се формираат како **Универзална единица за заштита и спасување**. Универзалната единица за заштита и спасување се формира во формација на вод и брои 19 припадници.

Согласно со донесената Одлука на Советот, на припадниците на просторните сили им следува надоместок во висина од 3% од просечната месечна плата по работник во Република Северна Македонија објавена од Државниот завод за статистика за претходниот месец, по реален ангажман, а за раководните лица 5% по реален ден ангажман. Надоместокот се исплаќа врз основа на наредба за активирање на просторните сили донесена од Градоначалникот или овластено лице, како и врз основа на евидентиран извршен ангажман согласно службена документација. Средствата за паричниот надоместок на граѓаните заради нивното учество во просторните сили за заштита и спасување во Општина Делчево ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Делчево.

Исто така, на Седницата беше донесена и **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за основање Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе и **Одлука** за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе.

Со оваа Одлука се уредува начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе (во понатамошниот текст: Претпријатието), основано од општините од Источниот и Североисточниот плански регион. Секоја од Општините основачи на Претпријатието обезбедува средства за финансирање на Претпријатието во износ од 10 (десет) денари по жител на годишна основа,согласно со податоците од последниот попис на населението во Република Северна Македонија, при што вкупниот износ на средствата што секоја општина е должна да ги обезбеди за Претпријатието се утврдува како производ од бројот на жители во општината и износот од 10 денари по жител за период од 01.01-31.12 во тековна година. Средствата ги уплаќаат општините на сметката на Претпријатието во вкупниот износ најдоцна до 30 јуни во тековната година.

Советниците на Седницата, меѓудругото ги донесоа и следните акти:

Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2026 до 31.03.2026; Одлука за пристапување кон измена на Статутот на Општина Делчево; Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево; Одлука за одобрување финансиски средства за издавање на Монографија за Разловечкото востание; Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2026 година; Одлука за одобрување финансиски средства на Месна заедница Косово Дабје.

Совет на Општина Делчево

# Усвоен Општинскиот енергетски план за 2027 г. на Делчево

Совет на Општина Делчево



На 11 Седница на Советот на Општина Делчево беше усвоен и Општинскиот енергетски план на Делчево за 2027 година кој е стратешки и оперативен документ за планирање, управување и развој на локалниот енергетски сектор. Основната цел на ОЕП на Општина Делчево е воспоставување систематски, ефикасен и одржлив пристап кон управувањето со енергијата на локално ниво, преку рационално користење на ресурсите, намалување на трошоците и зголемување на енергетската сигурност.

Општинскиот енергетскиот план е изработен врз основа на важечката национална законска рамка во областа на енергетиката, енергетската ефикасност, обновливите извори на енергија, заштитата на животната средина, градењето, урбанистичкото планирање и јавните набавки, како и согласно европски политики и стандарди.

Тој е усогласен со националните стратешки цели утврдени во Интегрираниот национален план за енергија и клима, програмите за енергетска ефикасност и другите секторски политики, при што истовремено ги зема предвид локалните развојни приоритети, специфичните карактеристики на општината и потребите на населението.

Во Општинскиот енергетски план се предвидуваат иницијативи за изградба на енергетски објекти за производство на електрична енергија и системи за складирање на електрична енергија со инсталирана моќност до 1 MW, во согласност со законските надлежности и издадените согласности од надлежните институции.

Исто така, се дефинираат и приоритетните мерки и проекти како основа за спроведување на националните и локалните политики во областа на енергетиката и климатските промени.

# Прва работна средба на претседателите на советите од ИПР во Делчево



Во Делчево се одржа првата работна средба на претседателите на советите од општини од ИПР со единствена цел за унапредување на работата на општинските совети, споделување добри практики и размена на искуства.

Средбата се одржа на иницијатива на претседателот на Советот на Општина Делчево, Николчо Стојменовски кој во своето обраќање пред присутните претседатели нагласи дека организацијата на средбата е уште еден доказ дека Делчево активно и посветено придонесува кон развојот на целиот регион.

-Во изминатите години имавме можност многу пати да се увериме дека изолираното делување, колку и да е добронамерно, често доведува до ограничени резултати, удвојување на напорите и пропуштени можности. Предизвиците со кои се соочуваме – подобрување на сообраќајната и комуналната инфраструктура, економски развој, привлекување инвестиции, задржување на младите во регионот, заштита на животната средина, развој на туризмот и земјоделството – се заеднички. Токму затоа, единствениот вистински и најефикасен пат напред е преку регионална соработка и партнерство. Кога ги споделуваме нашите искуства, добри практики, човечки и финансиски ресурси, кога заеднички планираме и аплицираме за средства од државни и меѓународни фондови, тогаш нашите проекти стануваат поголеми, поодрживи и со значително поголемо влијание врз квалитетот на животот на граѓаните во сите општини од регионот, нагласи Стојменовски.

Тој очекува дека овој вид работни средби на претседателите на советите ќе прерасне во традиција.

На средбата учество зедоа претседатели на советите од општините: Штип, Кочани, Кратово, Виница, Пехчево, Берово, М.Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци.

Инаку, на работната средба покрај размената на искуства и добри практики, беше презентиран заедничкиот проект кој се реализира преку ИПР „Регионален центар за згрижување и контрола на популација на кучињата скитници и ветеринарно здравство во ИПР“, како и проектот кој се реализира во Делчево преку ИПА-програмата за прекугранична соработка во партнерство со Општина Благоевград.

Актуелности

# Делчево беше домаќин на грандиозен настан-Благодарност за сите кои учествуваа во организацијата на 150-годишнината од Разловечкото востание




Централните настани за одбележување на 150- годишнината од Разловечкото востание се впишаа во историјата, не само на нашата општина, туку и пошироко во државата давајќи му на одбележувањето национален белег.
Општина Делчево и градоначалникот Иван Гоцевски упатуваат благодарност на сите поединци, организации и институции коишто се вклучија и со свој ангажман ја поддржаа манифестацијата за одбележување на 150 – годишнината од Разловечкото востание:
Влада на Република Македонија
Христијан Мицкоски- Претседател на Владата на Република Македонија,
Кабинет на Претседателот на Република Македонија
Луке Галески- Секретар во Владата задолжен за односи со јавност и стратешка комуникација,
Министерство за култура и туризам и министерот Зоран Љутков,
Министерство за одбрана и министерот Владо Мисајловски,
Сашко Лафчиски- Началник на Генералштаб на АРМ,
Драган Ковачки- Пратеник во Македонскиот парламент
Национален конзерваторски центар,
Националната установа за народни игри и песни ансамбл „Танец",
Управа за заштита на културно наследство
Г-дин Марко- епископ на Делчевско-каменичката епархија
Роберт Вељановски, директор на Драмски театар
АД Пошти на Македонија,
Музеј на Македонија
МВР ОВР Делчево
Регионален центар за гранични работи – Исток
ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта на Македонија
Семејството на архитект Ѓеорги Константиновски
Медиуми
Учесници во научната трибина и учесници во планинарскиот марш „По врвиците на разловечките востаници“
Сите институции, здруженија на граѓани, претставници од бизнис-секторот и поединци, како и жителите на с. Разловци.
Посебна благодарност до вработените во Општина Делчево и сите локални институции за нивниот ангажман и придонес во организацијата на настанот и сите добронамерници кои помогнаа во организацијата, а ненамерно се изоставени.
Изразуваме уште еднаш благодарност за поддршката и соработката во организацијата на големиот јубилеј 150 години Разловечко востание. Заедно работевме да го издигнеме спомeнот на Востанието на пиедестал што го заслужува и по своето значење и по аманетот што го остава на идните генерации.
Се надеваме дека бевме добри домаќини!!!

Актуелности

# Централен настан по повод 150 години од Разловечкото востание
# Гоцевски: Разловци да се прогласи за заштитена историска целина




Селото Разловци да се прогласи за заштитена историска целина-културно наследство од особено значење на Македонија. Ова е Иницијативата од Општина Делчево, месната заедница во с. Разловци, пошироката јавност и почитувачи на македонската историја до Управата за заштита на културното наследство и Министерство за култура и туризам која јавно ја испорача градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски во своето обраќање по повод чествувањето на 150- годишнината на Разловечкото востание што се одржа во с. Разловци. На централната прослава присуствуваа претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, министерот за култура и туризам, Зоран Љутков, министерот за одбрана Владо Мисајловски, претставници од кабинетот на претседателката на државава, претставници од АРМ, пратеници во Собранието на РСМ, од многу институции, ученици и доброномерници и пријатели на Делчево.

Цитирајќи ја пораката од водачот на Востанието, Димитар Поп Ѓеоргиев Беровски, „Македонецот не бара милост, туку слобода", Гоцевски порача дека денес ние не се поклонуваме само пред минатото, се поклонуваме пред достоинството,пред жртвата, пред храброста на луѓето кои ни покажале дека слободата никогаш не се добива како подарок-таа се освојува со борба, со труд и работа, со визија и пркос, со љубов кон татковината.

– Ние како одговорни луѓе ќе го чуваме, промовираме и ќе ја раскажуваме вистината за Разловци која мора да ја слушаат нашите деца, да ја научат и да ја знаат, за да ја остават на своите наследници како аманет, нагласи Гоцевски.

Премиерот Христијан Мицковски во своето обраќање потенцираше дека треба да ја чуваме и да ја градиме државата и да не дозволиме никој да ја понижува. Во говорот тој повика на обединување за државните и националните интереси затоа што, како што рече, ниту една политичка разлика не смее да биде поголема од татковината и ниту една лична амбиција не смее да биде поважна од иднината на нашите деца.

–И кога денес се поклонуваме пред хероите од Разловци, мора да разбереме дека нивната борба не била само за тогашното време. Таа борба трае и денес, само во поинаква форма. Денес, татковината не ја браниме со пушка в рака. Денес, ја браниме со мудрост, со работа, со економски развој, со силни институции, со образование, со национално единство и со достоинствено водење на државата. Но, суштината останува иста – дали ќе имаме доволно храброст да останеме свои и да не дозволиме никој да одлучува наместо нас – рече премиерот.

Министерот за култура и туризам, Зоран Љутков во својот говор истакна дека јунаците на Разловци не ја победија империјата, но ја победија тишината.

– Да не постоеја малите и неуспешни востанија, немаше да постојат ни големите победи. Разловци е токму такво село, кое пред век и половина се осмели да разговара со вечноста. Народ што ја чува сопствената меморија, ја чува и својата иднина, рече Љутков.

По повод 150 години од Разловечкото востание, премиерот Мицковски, министерот Љутков и градоначалникот Гоцевски на симболичен начин со сечење лента го отворија за посетителите реконструираниот Спомен-домот на Разловечкото востание, каде се инвестирани над 20 милиони денари, средства обезбедени преку Министерството за култура.

Свеченоста во Разловци продолжи со панихида за паднатите борци за слобода во црквата „Св.цар Константин и царица Елена", по што следуваше пригодна културно-уметничка програма и свечен ручек за гостите.

# Спомен-домот „Разловечко востание“ доби нов лик

Актуелности



Споменот на Разловечкото востание го чува Спомен-домот „Разловечко востание“ уникатно архитектонско дело вклопено во селската архитектура и издигнато над куќите, симболизирајќи ја издржливоста, непокорот и жртвата, но и тајната врска меѓу минатото и сегашноста, односно континуитетот на македонската борба и култура.

Разловци го добива овој уникатен архитектонски објект на свеченоста по повод 100-годишнината од Разловечкото востание кога бил поставен камен-темелникот на Спомен-домот „Разловечко востание“. Камен-темелникот го поставил тогашниот претседател на Советот на Месната заедница од Разловци, Костадин Дине Спасевски, а по 5 години, по повод одбележувањето на 105-годишнината од Востанието, на свечен начин бил пуштен во употреба. Историскиот музеј на Македонија на Домот му подарил постојана изложба посветена на Разловечкото востание, библиотека од неколку илјади книги што претставува и првата селска библиотека во Општина Делчево, а од ликовната колонија организирана во Разловци, сите уметнички дела ја красеа постојаната поставка на уметнички дела.

Објектот важи за значаен објект од повоената македонска архитектура, со традиционална архитектурата вклопена во руралниот пејзаж на с. Разловци, со користење материјали и форми кои потсетуваат на традиционалната македонска архитектура. Спомен-домот е виртуозно и уникатно архитектонско дело на архитектот, проф. д-р Ѓорѓи Константиновски кој во 1980 ја освои и првата награда за архитектонско решение на весникот „Борба“ на ниво на СФРЈ.

Годинава разловчани има и со што да се гордеат, бидејќи, конечно, ги огреа нивната некогашна гордост која го чува споменот на Разловечкото востание. Домот го доби својот заслужен нов лик. Онака, како што и доликува и на симболиката на објектот со кој денешните следбеници на храбрите востаници оддаваат почит кон ликот и делото на дејците на Востанието, но и неговото значење како прво вооружено востание во предилинденскиот период.

Денес по повод 150-годишнината од Разловечкото востание, по децении и децении пропаѓање и срам и за разловчани и за Општина Делчево, но и за државата, конечно, Спомен-домот доживеа конкретна реставрација, ревитализација и заштита.

Со поддршка на Владата и Министерството за култура и туризам преку Националниот конзерваторски центар, се изврешија конзерваторско-реставраторските работи за непосредна заштита на еден од најзначајните симболи на отпорот на македонскиот народ за слобода, Спомен-домот на Разловечкото востание. Во рамките на целосната обнова на Спомен-домот, се изврши ревидирање на постојниот Основен проект за конзервација и реставрација, негово прогласување за културно наследство, како и непосредна заштита која е во завршна фаза.

Паралелно се работеше и на поставување нова музејска поставка која на автентичен и едукативен начин ќе ја раскаже приказната за Востанието, за храброста, жртвата и значењето на македонскиот отпор. Вкупната вредност на проектот изнесува околу 21 милион денари, а целта на проектот е овој простор повторно да стане живо сведоштво за историјата и место кое ќе ги инспирира идните генерации.

Актуелности

# Научна трибина „Искра за вечна слобода на македонскиот народ“




Во предвечерието на централната прослава по повод одбележувањето на 150-годишнината од Разловечкото востание, Општина Делчево во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ организираше научна трибина која има една единствена цел- на едно место да се чујат и запишат, историските аспекти, анализи и помалку или повеќе познати факти поврзани со првото самостојно организирано востание на македонско тло, Разловечкото востание кое го предводи бурниот предилинденски период.

На трибината учествуваа проф д-р Ванчо Ѓеоргиев, проф.д-р Никола Минов од Филозофскиот факултет, д-р Мирјана Нинчовска од Музеј на Македонија и пензионираниот професор по историја од делчевската гимназија Митко Антовски.

Научната трибина ја отвори директорот на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, Златко Начевски кој истакна дека наша обврска денес е да ја чуваме историската вистина, да ја негуваме културата на сеќавање и да им ја пренесеме на младите генерации важноста на овие настани.

Говорејќи за значењето на научната трибина, градоначалникот Иван Гоцевски посочи дека целта на трибината е да се соберат нови научни трудови кои потоа Општина Делчево ќе ги издаде во книга која ќе остане во аналите со што се продолжува и традицијата од пред 50 години, кога на оваа тема твореле, а по повод 100-годишнината од Востанието: Академик Михајло Апостолски, претседател на МАНУ и на Советот на „Гоцеви денови“, Владо Малески, член на Претседателството на СР Македонија, проф. Љубен Лапе, дописен член на МАНУ и член на Советот на „Гоцеви денови“.

-Ние не смееме да дозволиме, Разловечкото востание да падне во заборав, ние како одговорни луѓе треба да ја чуваме, промовираме и да ја раскажуваме приказната за едно тешко време, за една борба, за искрата која се распламтила и започнала од Разловци да се шири со таква сила несопирлива од различните временски периоди. Таа приказна мора да ја слушат нашите деца, да ја научат и да ја знаат, за да ја остават на своите наследници како аманет, нагласи Гоцевски.

# Промовирана поштенска марка со мотиви од Разловечкото востание

Актуелности




По повод големиот јубилеј 150 години од Разловечкото востание, со пригодна свеченост беше промовирана новата поштенска марка со мотиви од Разловечкото востание со што се оддава посебна почит кон ликот и делото на разловечките востаници и, воопшто, кон значењето на Востанието.

Поштенската марка е со номиналната вредност од 48 денари, испечатена е во 6.000 примероци, а дизајнер на марката е Лариса Донев од Бирото за филателија на Македонски пошти. Како што истакна Бојан Кереместевски- директор на Секторот за поштенски операции при АД Пошти на Македонија, со печатењето на поштенската марка, Македонска пошта им оддава почит и признание на учесниците на Востанието.

– Поштенските марки претставуваат вечен паметник и го одржуваат во живот сеќавањето на македонските револуционери. Ова е уште една поштенска марка која ќе ги збогати филателистичките албуми, истакна Кереместевски.

На промоцијата беа доделени и промотивни изданија од поштенската марка, а градоначалникот Гоцевски кој ја прими првата поштенска марка изрази благодарност до Македонска пошта .

-Дозволете ми да изразам голема благодараност до Македонска пошта за овој потег кој достоинствено ја отсликува нашата, почит, почитта од македонскиот народ кон ликот и делото на разловечките востаници и значењето на првото вооружено востание, Разловечкото востание. Оваа поштенска марка ќе остане во аналите и ќе сведочи низ времето промовирајќи го Разловечкото востание и пораката дека „Македонецот не бара милост, туку слобода. Нашата борба е за нашата чест!!“-нагласи Гоцевски.

На свеченоста беа доделени и наградите по литературниот конкурс објавен од ЈЛБ „Илинден“ во рамките на одбележувањето на јубилејот. Диплома за најдобра творба доби Максим Стефановски од ООУ„Св.Климент Охридски“ од 9-3 одделение; Диплома за најдобра творба од ООУ„Ванчо Прке“ добива Михаела Стоименовска, ученичка од 7 одделение. Во категоријата возрасни, диплома за најдобра творба добива Влатко Ситновски.

Актуелности

# Локален базар-презентирана традицијата



Пушка од семејството на Димитар Поп Ѓеоргиев Беровски заедно со уште многу видови оружје кое се користело и во Разловечкото и во Кресненското востание, како и оружје кое, главно, го поседувал турскиот аскер старо, околу 3 века, е дел од приватната колекција на старо оружје Ванчо Габер и Благој Механициски од Берово. Ова оружје беше денеска изложено во рамките на локалниот базар организиран од Општина Делчево, како дел од чествувањето на 150-годишнината од Разловечкото востание.

На Локалниот базар, Делчево понуди дел од својата традиција, култура и уникатност.

Градоначалникот Гоцевски истакна дека на историските настани од предилинденскиот период, со овој базар се додава уште еден квалитет, а тоа е традицијата и културата на нашиот народ.

– Тоа е нашата традиција која и покрај современието и развојот на технологијата, вредните раце на домаќинките и на занаетчиите, љубоморно ја чуваат таа нишка која е цврсто врзана за нашите корени и идентитет, продолжувајќи ја традицијата. Улогата на една одговорна општина е токму таа, да создава услови, да ги анимира производителите и да отвора можности за промоција на локалните производи. Овој локален базар е празник на традицијата, креативноста и локалниот дух, порача Гоцевски.

Тој нагласи и дека е посебно импресивно вклучувањето на локалниот базар на младите со своите креации- одговорните млади се тука да ја промовираат и чуваат традицијата која се пренесувала од колено на колено, од генерација на генерација-истакна Гоцевски.

На летната сцена настапија фолклорните брендови од Делчево кои ја презентираа фолклорната традиција на Пијанец и Македонија: ФГ „Копачка“, КУД „Гоце Делчев“ и играорците од ФГ при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“.

# Концерти по повод јубилејот 150 години Разловечко востание

Актуелности




Несекојдневно доживување за делчевската публика приредија настапите на Воениот оркестар и македонскиот бренд „Танец“ на летната сцена во Делчево. Концертите претставуваа увертира на централната прослава по повод чествувањето на 150-годишнината од Разловечкото востание, која се одржи во востаничкото Разловци.

Настапот на Воениот оркестар остави силен впечаток. Публиката уживаше во комбинацијата на свечени маршеви, филмска музика, џез, светски евергрини и македонска музика, а концертот беше надополнет со атрактивната точка Егзицир, која претставува демонстрација на строева извежбаност на припадниците на Баталјонот за почести. Со настапите се негува традицијата патриотизмот и културните вредности.

Концертната вечер се заокружи со настапот на Ансамблот „Танец“ кој на сцената го презентираше македонскиот фолклор и традиција. Со нивните лесни ороводни чекори и вокални интерпретации го доловија автентичниот македонскиот фолклор, богатите носии, врвната сценска изведба кои ја воодушевија публиката.

Музичкиот дел е еден сегмент од настаните кои изминатиов месец се организираа под мотото „150 години Разловечко востание: Искра за вечна слобода на македонскиот народ“ во кој со свои активности се вклучија сите локални институции: ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, образовните институции и, секако, Општина Делчево која е организатор на настаните.

Актуелности

# Младите и Разловечкото востание



Историските факти, заложбите на разловечките востаници и нивната порака, но и севкупното значење на првото вооружено востание организирано со сопствени сили и средства, Разловечкото, беше тема за работа во делчевските училишта. До израз дојде креативноста на учениците и нивните професори, но за сите настани организирани во образовните институции во Делчево, заеднички именител е наследството на Востанието и неговата порака која треба да ја слушнат младите делчевци и да ја продолжат неговата приказна.

По повод одбележувањето на 150-годишнината од Разловечкото востание, во СОУ „Методи Митевски – Брицо“ во Делчево беше организиран историски час. На настанот учениците преку квиз, презентации и пишување есеи ја претставија историската улога и значењето на Разловечкото востание пред присутните ученици, наставници, како и претставници од општината и од основните училишта.

Исто така, во с. Разловци се одржа ликовна колонија посветена на Востанието, каде ученици твореа на сликарско платно со акрилни бои и на мотиви од с. Разловци. Под покровителство на професорката Лиле Ѓеоргиевска, инспирацијата од исконската природа и старата автентична селска архитектура се најдоа во делата на младите уметници. Учесниците во колонијата истакнаа дека со овој чин тие даваат свој креативен придонес во зачувувањето и афирмирање на историското и културното наследство на Пијанец. Уметничките дека ќе бидат поставени во Спомен—домот на Разловечкото востание.

Од училиштето истакнаа дека со ваквите активности се поттикнува интересот кај младите за изучување на македонската историја и се негува историската меморија за настаните кои оставиле значаен белег во националното минато.

Воедно, во ООУ „Св. Климент Охридски“, наставниците по историја Ѓоко Петровски и Влатко Атанасовски преку едукативна презентација го доближија значењето на востанието до учениците и присутните гости. На историскиот час присуствуваа претставници од Општината, ученици и вработени од училиштето, кои со внимание и интерес го проследија настанот.

Од училиштето посочија дека целта на настаните младите да се запознаат со првото вооружено востание од предилинденскиот период, да ја негуваат историската свест, традицијата и почитта кон историското, културното и националното наследство. Младите треба подобро да ги запознаат значајните настани и личности од македонската историја и да ја сочуваат нивната порака.

Слични активности се одржаа и во ООУ „Ванчо Прке“. Таму на историскиот час, преку презентации, историски факти, фотографии, разговори, беше нагласена улогата на Димитар Поп Ѓеоргиев Беровски и поп Стојан, чие дело останува да биде втемелено во македонската национална борба за слобода.

„Народ без историја е народ без корени“-порачаа ученици од ООУ „Ванчо Прке“.

# Се гради инфраструктура во населбата Пролет

Актуелности



Новата населба Пролет го добива својот урбан лик. Деновиве започна реализацијата на големиот инфраструктурен проект во населбата кој предвидува изградба на улици во должина од 420 метри и изградба на подземна инфраструктура. Овде ќе се гради фекална и атмосферска канализација за населбата и систем за водоснабдување, а ќе се изградат улиците: улица 4 в, дел од улица 3, дел до улица 5 и дел од улица 1.

Инвестицијата е вредна 8, 4 милиони денари, средства обезбедени од Владата преку Министерството за транспорт и врски.

Изведувач на градежните работи е СД Транс, с.Ѕвегор, Делчево.

Увид во почетокот на градежните работи направи градоначаникот Иван Гоцевски кој истакна дека новата населба Пролет во Делчево ќе биде една од најубавите населби и со сите проекти кои се работат во населбата, таа го добива својот урбан лик.

-Со инфраструктурните проекти продолжуваме и наредниот период. Деновиве го распишавме општиот тендер за изградба на патна инфраструктура во висина од околу 10. милиони денари. Овој тендер најавува работно лето во Делчево и изградба на инфраструктура која е во насока на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Со тендерот е предвидена изградба на неколку улици, санирање критична инфраструктура и сл., нагласи Гоцевски.

Актуелности

# Нов асфалт на дел од регионалниот пат Делчево-Пехчево





Екипи на Македонија пат поставија асфалт на дел од регионалниот пат Делчево-Берово, кај с. Стамер. Реконструкцијата на оваа делница е во должина од 1.300 метри, а вредноста на работите изнесува 15.милиони денари. Инвеститор е ЈПДП.

Увид во завршните работи изврши градоначалникот на Делчево, Иван Гоцевски кој изрази голема благодарност до екипите кои работат на теренот и инвеститорот ЈПДП нагласувајќи дека само во минатата година во Делчево се вложени 48 милиони денари за реконструкција на патот Делчево-Габрово и реконструкција на дел од регионалниот пат Делчево-Пехчево.

– Денес сме сведоци на завршните активности на реконструкција на дел од регионалниот пат за Берово што е уште еден доказ дека централната власт во континуитет продолжува со инвестиции во инфраструктурата и во капитални инвестиции и изградба на современа патна мрежа кои се во насока на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Оваа делница на регионалниот пат Делчево-Пехчево е од особено значење за голем број на граѓани, кои секојдневно го користат овој регионален пат за Пехчево и Берово, нагласи Гоцевски.

# Нова механизација за одржување на локалните патишта

Актуелности




Градоначалникот на Општина Делчево го потпиша Договорот за реализација на проектот „Набавка на механизација за одржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби во Делчево“, со кој преку Министерството за локална самоуправа – Бирото за регионален развој, за Општина Делчево се обезбедени 2 милиони денари.

Како што истакна градоначалникот Гоцевски, оваа поддршка претставува значајна инвестиција за нашите рурални средини и уште една потврда дека со конкретни проекти се продолжува со создавање услови за подобар квалитет на животот на граѓаните во секое населено место.

–Новата механизација ќе овозможи поефикасно и навремено одржување на локалните патишта, особено во селата со специфични развојни потреби, каде што инфраструктурата е од исклучително значење за секојдневното функционирање на жителите. Како локална самоуправа, остануваме целосно посветени на развојот на сите населени места во општината. Подобрата патна инфраструктура значи поголема безбедност, подобра поврзаност и поквалитетен живот за нашите сограѓани, нагласи Гоцевски.

Тој упати благодарност до Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој за поддршката и за препознавањето на потребите на Општина Делчево.

Актуелности

# Донација за Делчево: вакумска метларка за чистење на улиците



Општина Делчево доби донација-нова машина за чистење на улиците од фирмата М-Д РЕНТАЛС ДООЕЛ Скопје. Конкретно, станува збор за нова машина – вакумска метларка за чистење на улиците, произведена во 2024 година, марка BAIYI, ИСО и CE-сертифицирана. Машината е со проценета вредност од 399.992,оо денари со вклучен ДДВ.

Градоначалникот на Општина Делчево денеска го потпиша Договорот со компанијата за донација на Општина Делчево при што истакна дека е во прашање значајна донација која ќе придонесе за поефикасно одржување на јавната чистота, почисти улици и поуредени јавни површини во нашиот град.

–Новата современа машина ќе биде ставена во функција на граѓаните и ќе помогне во секојдневното одржување на хигиената во Делчево, со што дополнително се подобрува квалитетот на урбаното живеење. Изразувам искрена благодарност до компанијата „М-Д РЕНТАЛС" за општествената одговорност и поддршката кон Општина Делчево. Со ова уште еднаш се потврдува дека нашите заложби како општина се препознаваат и се поддржуваат, кога се работи посветено и во интерес на граѓаните.

Продолжуваме со конкретни дела и инвестиции за поубаво и почисто Делчево, нагласи Гоцевски.

# Се обележа хоризонталната сигнализација во Делчево




Во Делчево се обележа хоризонталната сигнализација на сообраќајниците што претставува редовна активност на Општина Делчево, кога станува збор за одржување на хоризонталната сигнализација. Со оваа активност се обезбедуваат услови за безбедно користење и употреба на улиците од страна на сите учесници во сообраќајот со што директно се влијае на зголемување на безбедноста во сообраќајот во Делчево.

Со обележување ќе биде опфатена вкупна површина од околу 500 м2, а ќе се обележуваат осовински линии и линии водилки, стрелки, сообраќајни острови, пешачки премини со стоп– линија, ознаки на коловозот итн., по уличната мрежа во градот.

Изведувач на работите е ВИА СИГНАЛ ДООЕЛ Скопје со кој Општина Делчево има склучено договор за јавна набавка на услуги „Одржување хоризонтална сигнализација“. Вредноста на договорот кој е годишен, изнесува околу 800 илјади денари.

Актуелности

Актуелности

# Безбеден сообраќај на новата улица „Орце Николов“



По целосната изградба на улицата „Орце Николов“, поставени се технички средства за забавување на сообраќајот, како и современа сообраќајна опрема и сигнализација, со што улицата го доби својот финален, модерен и уреден изглед.
Со новото обележување на просторот, се добива уште една безбедна и прекрасно уредена улица во Делчево, во интерес на граѓаните и сите учесници во сообраќајот.
Градоначалникот Гоцевски најави дека со вакви и слични активности ќе се продолжи и во иднина и на останатите улици низ градот, а ваквиот начин на уредување и зголемување на безбедноста ќе стане практика со цел да создадеме побезбедна и поквалитетна сообраќајна инфраструктура за сите.

# Делчево доби уникатен парк со цитати од Библијата




Уникатниот парк со цитати од Светото писмо во Делчево , привлече големо внимание на јавноста и прерасна во уште една препознатлива туристичка понуда во Делчево и духовно и културно обележје на градот. Посебно што паркот е уреден пред соборниот храм посветен на светите браќа Кирил и Методиј кои Делчево ги слави како заштитници и светители на градот.

Како што истакна градоначалникот Иван Гоцевски, овој парк претставува симболичен спој на верата, историјата и македонскиот идентитет.

– Делчево доби уникатен парк кој има духовно, културно и едукативно значење и во кој се поставени 27 мермерни плочи од кои на 26 има библиски цитати, каде што се споменува Македонија. Овој простор претставува симболичен спој на верата, историјата и македонскиот идентитет, нагласи Гоцевски

На мермерните плочи се испишани цитати од Светово писмо, односно стихови каде директно се споменува Македонија. Цитатите се поврзани со мисионерските патувања на апостолот Павле и неговото делување на македонско тло, особено познатото Македонско видение.

Паркот има повеќеслојно значење. Претставува духовно и културно обележје на градот, сведочи за историското присуство на Македонија во библиските текстови, има едукативна улога за младите генерации и посетителите, придонесува за развој на верски и културен туризам во Делчево.

Со својата уреденост и симболика, духовен мир и почит кон пишаниот збор, мермерните плочи претставуваат трајни сведоштва и ја истакнуваат поврзаноста на Македонија со христијанската традиција и библиското наследство.

Паркот е инвестиција на Општина Делчево.

Актуелности

Актуелности

# Со дефиле, тактичко-показна вежба и презентација на опрема одбележан Денот на пожарникарите




Со успешно спроведена тактичко- показна вежба- симулација на пожар во ООУ „Св.Климент Охридски“ и спасување повредени лица, како и гасење пожар на објектот, но и дефиле и презентација на возила и опрема, во Делчево е одбележан Денот на македонските пожарникари, 20 мај.

Овие вежби се редовна практика на ТППЕ Делчево и се изведуваат со цел да се види физичката и психичката подготвеност на пожарникарите во услови на вистинска појава на пожар во објектите, при автомобилски несреќи, но и да се провери исправноста на опремата, истакна Сашко Поповски, командир на ТППЕ Делчево.

Градоначалникот Иван Гоцевски кој присуствуваше на настаните изрази задоволство од подготвеноста на пожарникарите за справување со пожарите и на објекти, но и на отворен простор. Честитајќи го празникот на пожарникарите, тој додели плакета на ТППЕ за особена заслуга.

– Со посебна почит, денеска го одбележуваме 20 Мај, Денот на пожарникарите. Испраќам честитки и изразувам огромна благодарност до нашите херои пожарникари, професионалци и доброволци, за нивната пожртвуваност и човечност, за нивната работа која значи спасен живот или имот на граѓаните. Сите сме благодарни – на вистинските херои од нашиот град. И затоа веднаш по стапувањето на функција го решивме проблемот со платите и ја исправивме децениската неправда, а паралелно работиме да ја подобриме опременоста на ТППЕ Делчево и со апарати, опрема, но и средства за лична заштита, нагласи Гоцевски.

Во тој контекст е и донацијата која се состои од работни чевли обезбедени од Општина Делчево и униформи за сите пожарникари во Делчево обезбедени од општествено одговорната компанија „Брегал“.

Во знак на одличната соработка меѓу ТППЕ Делчево и градоначалникот и Општина Делчево, ТППЕ Делчево додели Плакета на градоначалникот Гоцевски.

Инаку, пожарникарството во Делчево испишува историја од 8– дeцениско функционирање. Првото доброволно противпожарно друштво е формирано од делчевецот Илија Дамјанов Крстевски во 50-тите години, по што е формирана првата единица на чело со командирот Никола Димитровски.

# Д-р Сања Пановска-делчевката која го истражува магнетното поле беше на средба со градоначалникот Гоцевски




Жената научник, која го истражува магнетното поле на Земјата, делчевката д-р Сања Пановска, се сретна со градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски. Д -р Сања Пановска е дел од GFZ Хелмхолдс- центарот за геонауки кој е дел од најголемата научна асоцијација во Германија.

На средбата беше истакнато дека Делчево е расадник на млади и успешни луѓе кои со своето знаење, труд и посветеност успеваат да изградат значајни кариери и да бидат препознаени на меѓународно ниво. Градоначалникот Гоцевски посочи дека успехот на д-р Пановска претставува инспирација за младите генерации во Делчево и доказ дека од овој крај произлегуваат луѓе кои можат да дадат значаен придонес во современата наука и општеството.

Во разговорот беше потенцирана и потребата институциите да продолжат со поддршка на младите, образованието и создавањето услови за развој на нови успешни приказни кои ќе го афирмираат Делчево и во иднина.

Инаку, биографијата на д-р Пановска е импресивна и ја надминува обичната биографија. Таа дипломирала физика во Скопје, магистрирала геофизика во Штип, докторирала на ЕТН Цирих, а постдокторските студии ги завршила на Универзитетот во Калифорнија. Денес е лидер на истражувачка група во Германскиот центар за геофизика во Потсдам и управува со европски проект вреден два милиони евра. Во 2025 година берлинскиот весник „Тагесшпигел“ ја поставува меѓу 100-те најзначајни научници во Берлин.

Нејзиното поле е геомагнетизам: го проучува магнетното поле на Земјата, неговите промени низ историјата, екскурзиите и преобртите. Овие истражувања, иако звучат далечни, директно влијаат на космичкото зрачење кое стига до нас, на климата и на сите технологии што зависат од навигацијата и комуникацијата.

Таа е наратор на документарниот филм „Магнетен Мозаик” кој е награден од УНЕСКО во категоријата – Жени во науката. Има напишано детска книга „Мојата Земја”, преведена на повеќе јазици. Таа работи и на едукативен проект со загатки и игри наменети за деца меѓу три и осум години, со цел да ги запознае со геонауките.

Актуелности

# Делчевските матуранти ја прославија матурската вечер




Делчевските матиуранти го обоија Делчево во боите на младоста и елеганцијата со традиционалното дефиле на генерацијата матуранти 2022/2026 од делчевскиот средношколски училишен центар СОУ„М.М.Брицо“.

Градоначалникот Гоцевски упатувајќи честитката до матуранти потенцираше дека матурантите ја имаат моќта и можноста да го менуваат светот на подобро.

– Искрено ви ја честитам матурата и ви посакувам да патувате и да сонувате и да ги остварите вашите соништа и амбиции. Чекорете во животот гордо и достоинствено како вечерва, освојувајте височини и не бегајте од предизвиците, туку претворете ги во можности. Матурата е само почеток на нов период од вашиот живот. Никогаш не заборавајте ги водите на немирната Брегалница, Голак кој ве следи на секој чекор, делчевските улици, бидејќи тие се дел од вашиот идентитет. Тука се вашите први чекори и првите победи. Тука се вашите корени што ве изградиле во тоа што сте денес и тука е вашиот дом, порача Гоцевски.

На свеченоста беа доделени и наградите и признанијата за најдобрите 10 матуранти од овој училишен центар.

За првенец на генерацијата е прогласен Лука Стоименовски ученик од 4-1 клас. Согласно со Програмата за образование на Општина Делчево, годинава најдобрите 10 матуранти ќе добијат парична награда во висина од 20.000 денари, додека првенецот на генерацијата ќе добие парична во висина од 30.000 денари.

## Генералка викенд во Делчево

Актуелности




Делчево се приклучи во семејството општини, каде се реализира акцијата за пролетно чистење позната како „Генералка викенд“ која е една од најмасовните манифестации за пролетно чистење на градовите. Манифестацијата мобилизираше стотици волонтери во Делчево, претставници од администрацијата, иституциите, училиштата, градинската, граѓански сектор, месните и урбаните заедници кои со поддршка на ЈКП „Брегалница“ ги чистеа критичните точки во централното градско подрачје. Воедно, Граничната полиција и Царинската управа спроведоа акција на Граничниот премин Делчево.

ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД е пролетна акција за чистење и селектирање отпад која се одржува секој втор викенд од мај започнувајќи од 2021 година и се планира да се одржува за период од 10 години, односно до 2031 г., односно од 30-тиот до 40-тиот роденден на нашата земја– „ја чистиме нашата земја од отпадот на минатото и ја рециклираме во зелена иднина за нас и за генерациите кои доаѓаат“-порачуваат од Организацијата „Генералка викенд“.

Култура и традиција

# Делчево се поклони пред светителите Кирил и Методиј



Делчево, со посебен пиетет се поклони пред ликот и делото на светите сесловенски просветители, браќата Кирил и Методиј, гордо славејќи ги како заштитници на градот и носејќи од дамнина почит кон светителите.

Чествувањето започна со свечена академија на која градоначалникот Гоцевски порача дека приказната за Делчево и светителите не е случајна. Таа е нераскинливо врзана од дамнина.

-Има многу симболика во оваа исконска врска и  Брегалничката мисија и Делчево како град низ кој тече Брегалница. Науката сѐ уште не одговорила, но ние како жители кои живееме во горниот дел на Брегалница имаме право да веруваме дека значајната Мисија во која се родила првата словенска азбука се наоѓала тука, на овој регион. Брегалничка мисија инспирира. Во овој регион биле покрстени илјадници жители, факт кој регионов го става на рамниште на Охридскиот. Почитта кон светителите е вткаена во животот на делчевци, нагласи Гоцевски.

Тој испрати апел за доизградба на новиот храм „Св.Кирил и Методиј“.

– Обврска на сите нас е да ја доизградиме оваа соборна црква која ќе биде духовна храна, центар на верата и молитвата и вечен симбол на почитта на светителите Кирил и Методиј. Затоа, дозволете ми, да ја актуелизираме донаторската акција чија жиро-сметка е јавно објавена на општинската веб-страница. Ја користам оваа прилика јавно да ги повикувам сите граѓани, општествено одговорни компании, нашите иселеници и сите почитувачи на делото на светите браќа, да вложат средства според можноста и ,конечно, да го доизградиме храмот кој ќе биде своевиден белег на Делчево, нагласи Гоцевски.

Настанот го отвори претседателот на Советот, Николчо Стојменовски кој ја потенцираше светата улога на солунските браќа и нивното наследство.

-Ние денешните генерации имаме света должност да ја чуваме и да ја пренесуваме оваа светлина. Да го негуваме македонскиот јазик во неговиот најубав и најчист облик, да бидеме достојни продолжувачи на делото на солунските браќа. Нека оваа свечена академија биде не само спомен, туку и обврска кон знаењето, кон вистината и кон нашиот народ, истакна Стојменовски.

На настанот се обрати и епископот Марко која ја нагласи кирилометодиевската традиција и значењето на почитувањето на нивното дело.

Чествувањето продолжи со промоција на книгата„Св.Методиј и Кирил“ –промотор монахиња Ирина и со концерт на црковно византиско пеење во изведба на хорот „Света Злата Мегленска“ од Скопје.

# Делчево одбележа 123 години од убиството на Делчев

Актуелности




Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележа 123 години од убиството на македонскиот револуционер и патрон на градот, Гоце Делчев, кој на 4 мај 1903 беше убиен од турската војска во селото Баница.

По тој повод, пред споменикот на револуционерот во центарот на градот се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Иван Гоцевски, делегација од Советот на Општина Делчево, како и претставници на политички партии, институции и здруженија на граѓаните. Во рамките на одбележувањето, членовите на КУД „Гоце Делчев“ прочитаа реферат за животот и делото на Делчев.

Во рамките на програмата за чествување на 123- годишнината од убиството на македонскиот револуционер и патрон на градот, во СОУ „М.М.Брицо“ се одржа историски час на тема животот и делото на Гоце Делчев.

Култура и традиција

# Делчево го одбележа Денот на Европа и Денот на победата над фашизмот




По повод 81- годишнината од победата над фашизмот и 76 –годишнината од Денот на Европа, во Делчево се одржа пригодна свеченост. Пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот, членовите на КУД „Гоце Делчев“ подготвија пригоден реферат за НОБ во Македонија и победата над фашизмот, како и реферат за 9 Мај, Денот на Европа. Во рамките на одбележувањето, пред споменикот на паднатите борци се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево, преставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

Деветти мај носи сеќавање и порака од два значајни настани кои го променија светот. На овој ден во 1945 година со потпишувањето на безусловна капитулација на нацистичка Германија, официјално беше ставен крај на Втората светска војна во која учествуваше 61 земја, со вкупно 2,1 милјарда жители или 96 отсто од светското население и која однесе повеќе од 50 милиони животи. Пијанец во Втората светска војна во борбата против фашизмот дало 150 жртви. Во нивна чест во центарот на Делчево е подигнат монументален споменик на кој се испишани нивните имиња, како и пораката „Сонцељубиви, зар без вас ќе бевме она што сме, не смрт без слобода, не без Македонија“.

Се одбележуваа и 76 години од Шумановата декларација, документот што ги постави темелите на Европската Унија. На 9 мај, симболично се чествува и визијата за мирна и обединета Европа, претставена од Роберт Шуман во 1950 година.

Култура и традиција

# Ѕвездичките блеснаа на сцената на првиот детски музички фестивал во Делчево




Тринаесет авторски детски песнички, 15 солисти од Делчево и М. Каменица, хористи и танцови групи, синоќа блеснаа на сцената во спомен-домот АСНОМ во рамките на првиот детски фестивал „Ѕвезда“ во Делчево.

Настанот беше во организација на ЕУРИТМИКС, организација која предводена од музичкиот педагог, м-р Елена Ѓеоргиевска, долги години работи на музичка едукација на младите таленти, а детскиот фестивал беше логичен заклучок и промоција на младите музички таленти во Делчево.

- Фестивалот е прв изграден на високопрофесионално ниво, каде беа вклучени дваесетина професионалци за сето тоа да се реализира по сите стандарди за детски фестивал. Синоќа имаше над 700 гости и не застануваме тука, продолжуваме со работа и пронаоѓање нови таленти и правиме сè за нашата општина да стои рамо до рамо со сите поразвиени општини во нашата земја, во смисла на култура и детски развој, нагласи Ѓеоргиевска.

Таа јавно се заблагодари на сите поддржувачи на фестивалот и на сите инволвирани во организацијата.

Фестивалот го отвори градоначалникот Иван Гоцевски, кој истакна дека со овој фестивал Делчево испишува нова страница и традиција која го храни детскиот развој и самодовербата, ги открива и ги промовира талентите запишувајќи го нашето Делчево во семејството градови кои се грижат и создаваат услови за раст и развој на талентираните деца.

-Како општина, остануваме посветени на создавањето услови за младите да творат, да се промовираат и да се натпреваруваат и да чувствуваат дека нивниот град верува во нив и ја дава максималната поддршка за нивна афирмација. Нашата поддршка и за овој фестивал е инвестиција во иднината и секогаш кога зборувам за младите зборувам за иднината. Воедно, би сакал и да изразам огромна благодарност и да испратам честитки за реализацијата на овој убав настан на сите инволвирани во неговата подготовка и реализација, посебно за ентузијазмот на нашата драга порфесорка по музичко воспитување, м-р Елена Ѓеоргиевска која ги открива музичките таленти во Делчево и создава нов имиџ на градот, нагласи Гоцевски.

Ветувањето на организаторите е дека овој музички настан кој ги афирмира младите музички таленти од Делчево ќе прерасне во традиција.

# ЈЛБ „Илинден“ трага по тивките хероини меѓу нас



ЈЛБ „Илинден“ трага по хероините меѓу нас за да им се оддаде јавно признание за нивната работа и посветенот. Преку јавен повик, делчевската библиотека го свртува вниманието на јавноста во Делчево и бара од граѓаните да даваат предлози за жени кои според нив заслужуваат да бидат дел од изложбата на фотографии и прикази за инспиративни жени од Делчево.

Билјана Петровска, директорка на ЈЛБ „Илинден“ истакна дека оваа активно е во чест на жените и со цел да им се оддаде почит на жените кои инспирираат, создаваат се борат и оставаат трага во Делчево.

–Во чест на жените кои со својата работа, хуманост, храброст, талент и посветеност оставиле и се уште оставаат траен белег во нашиот град,ЈЛБ„Илинден“ – Делчево, подготвува изложба на фотографии и прикази за инспиративни жени од Делчево. Ги повикуваме сите граѓани да предложат жени кои според нив заслужуваат да бидат дел од оваа изложба – жени од различни области: образование, култура, спорт, медиуми, здравство, хуманитарна работа, уметност, претприемништво, семеен живот, активизам и секојдневни тивки предизвици што го прават нашето општество подобро и похумано. Предлозите напишани во коментар или порака на фб– страницата на библиотеката треба да содржат име и презиме и кратко образложение зошто се дава предлогот. По завршувањето на повикот, ќе се изврши селекција и ќе се изберат жените кои ќе бидат дел од изложбата. Вашиот предлог можеби ќе ја раскаже токму нечија голема, а тивка приказна, нагласи Петровска.

Култура и традиција

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**